**Итно!**

**Д О:**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО – СКОПЈЕ**

ул. „Кеј Димитар Влахов“ б. б. – 1000 Скопје
тел.: 02/31-33-417 | факс: 02/31-33-417
www.jorm.mk | jorm@jorm.org.mk

---

# КРИВИЧНА ПРИЈАВА

*врз основа на член 274 од ЗКП*

**П Р О Т И В: ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ** ОД СКОПЈЕ

Претседател на Владата на Република С. Македонија
*Службена адреса [на работно место на пријавениот]: бул. „Илинден“ бр. 2 – 1000 Скопје
www.vlada.mk | info@vlada.gov.mk | тел.: 02/3118-022

**П О Д Н О С И Т Е Л И: ГРУПА-ПРАТЕНИЦИ**

**проф. д-р Димитар АПАСИЕВ** – пратеник воСобранието на РМ
**Борислав КРМОВ** – пратеник во Собранието на РМ
**м-р Реџеп ИСМАИЛ** – пратеник во Собранието на РМ
**Јована МОЈСОСКА** – пратеник во Собранието на РМ
**Амар МЕЦИНОВИЌ** – пратеник во Собранието на РМ
**м-р Сашко ЈАНЧЕВ** – пратеник во Собранието на РМ

*Службена адреса [на работно место на подносителите]:
бул. „Илинден“ бр. 2 – 1000 Скопје

**О С Н О В:** **<u>Попречување на правдата</u>** – казниво по чл. 368-а, ст. 5 од КЗ

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

### *I. Правен основ за пријавување*

Оваа кривична пријава ја поднесуваме согласно **член 273**, став 3 [„Пријавување кривични дела“] и **чл. 274**, ст. 1 [„Поднесување на пријава“] од *Законот за кривична постапка* (Сл.весник на РМ бр. 150/2010 и 100/12, 142/16, 193/16, 198/18).

## *II.* *Фактички опис на делото*

Владата на РСМ, согласно *Законот за Јавното обвинителство на РМ* (Сл. весник на РМ бр. 42/2020), во месец февруари 2025 година започнала официјална **постапка за разрешување** на Јавниот обвинител на Република Македонија – г. Љупчо Коцевски.

Пријавениот, претседател на Владата на Република Северна Македонија, на ден 25 март 2025 година (вторник), јавно, во изјава дадена за медиумите, изјави дека **ќе се запре започнатата постапка за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија – г. Љупчо Коцевски!** Со тоа премиерот му овозможи на Љупчо Коцевски да остане на позиција Јавен обвинтел на Република Македонија и така изврши влијание истиот да не превзема дејствија пред суд и друг надлежен орган во постапката по повод трагедијата во Кочани.

***

1. На ова претходеа низа причинско последично поврзани настани и комбинација на дејствија од ***институционален и вонинституционален притисок*** со дијаметрално спротивна цел, односно за разрешување на државниот обвинител Коцевски.

Така, на ден 11 февруари 2025 (вторник), Владата на Педесеттата седница, по укажување на претседателот на Владата – пријавениот Христијан Мицковски**,** започна **постапка за разрешување на државниот обвинител Коцевски** и го задолжи Министерството за правда да превземе активности за поведување постапка за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија.

Доказ 1: *ЗАПИСНИК од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија* (11.02.2025) – стр. 28

Доказ 2: *ЗАПИСНИК од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија* (18.02.2025) – стр. 33 од кој се гледа задолжението за Министерството за правда

На 12 февруари 2025 (среда), претседателот на Владата – Христијан Мицкоски, преку медиумите до јавниот обвинител на Република Македонија, Коцевски, испрати **порака дека е доблесно сам да се повлече од функцината** Јавен обвинител на Република Македонија! Во одговор на новинарско прашање претседателот на Владата Мицкоски, за разрешувањето на Коцевски, меѓудругото рече: „Не би го коментирал него повеќе. Јасно кажа Владата, тој имаше доволно можност да се размавне, да покаже бескомпромисен борец за правдата и против оние случаи каде што има основано сомневање за сторен криминал, но очигледно дека барањето изговори и купувањето време се нечија карактерна особина, така што мислам дека имаше доволно време да покаже. За жал таа доверба не ја оправда и сега Владата отпочнува еден процес. Денеска бев во Парламентот. Тој процес започна во Парламентот, во Парламентот и ќе заврши, така што мислам дека чесно и доблесно би било од него самиот да се повлече...“ [зат. цит.]!

Доказ 3: *Хиперлинк од веб-страна на медиумот А1.Он во кој ја има цитираната изјава на пријавениот Христијан Мицкоски:* [https://a1on.mk/macedonia/mickoski-chesno-i-doblesno-bi-bilo-ljupcho-kocevski-sam-da-se-povleche/](https://a1on.mk/macedonia/mickoski-chesno-i-doblesno-bi-bilo-ljupcho-kocevski-sam-da-se-povleche/) (12.03.2025)

**Министерството за правда**, по повод даденото Задолжување од страна на Владата на РМ да превземе <u>активности за поведување постапка за разрешување на Јавниот обвинител</u> на РМ, изготви *Мислење на Министерството за правда*, кое е доставено до Владата на 14 февруари (петок), под арх. бр. 21-478/1.

Доказ 4: *Хиперлинк од веб-страната на Министерството за правда на кое го има Соопштението по повод Мислењето на МП за разрешување на Коцевски:* [https://www.pravda.gov.mk/vest/6823](https://www.pravda.gov.mk/vest/6823) (14.03.2025)

По повод **Мислење на Министерството за правда**, на 15 февруари 2025 (сабота), од Министерството за правда беше соопштено дека: "Министерот [н.з. Игор Филков] тврди дека во изминатиот период сме биле сведоци на низа скандали, <u>нарушена функционалност на Јавното обвинителство, нарушени меѓучовечки односи, незаконски постапувања и корупција, неефикасност во кривичното гонење и повреда на принципите на организација на Јавното обвинителство и самостојноста во вршењето на функциите на обвинителите во Вишото јавно обвинителство</u>. Државниот јавен обвинител на Република Северна Македонија постапувал во предмети во кои согласно законските одредби постоеле околности кои предизвикуваат сомневање за неговата непристрасност, како и судир на интереси, а за кои околности тој требало да знае и требало да се изземе. Воедно, во јавноста беа лиферувани и информации и податоци за предмети, со што е повредена обврската за тајност во постапките"!

На 18 февруари 2025 (вторник), Владата на Педесет и првата седница, по повод *Мислењето на Министерството за правда бр. 21-478/1*, доставено до Владата на 14 февруари (петок), го задолжи Министерството за правда, за наредната седница на Владата, да подготви и до Владата да достави **Информација со конкретен предлог** (со образложение, односно основ и сл.) за разрешување на Јавниот обвинител на РМ. <u>Предлог за разрешување од страна на Министерството за правда е изготвен и доставен до Владата</u>.

На 25 февруари 2025 (вторник), Владата на РМ, на Педесет и третата седница го разгледа *Предлогот на МП за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија* и донесе зклучок текстот на Предлогот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и потоа **да се испрати до Советот на јавните обвинители на РМ** – кој е должен, во рок од 15 дена од денот на приемот, до Владата да достави <u>Мислење во писмена форма</u>.

Доказ 5: *ЗАПИСНИК од Педесет и третата седница на Владата на РМ* (25.02.2025) од кој се гледаат Заклучоците на Владата – стр. 32

На 27 февруари 2025 (четврток), претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, на **пратеничко прашање** од пратеничката од ВМРО-ДПМНЕ, <u>Марија Петрушевска</u>, за работата на

Јавниот обвнинител на Република Македонија – Љупчо Коцевски, го нарече Коцевски „браник на криминалот и корупцијата“. Дополнително, претседателот на Владата, од собраниска говорница ги повика пратениците да се уништи тој браник!

ДОКАЗ 6: *СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од Триесет и шестата седница на Собранието на Република Северна Македонија* (27.02.2025) – стр. 12, 18 и 19

На 7 март 2025 (петок), **Јавниот обвинител Љупчо Коцевски**, за медиумите изјави дека во Предлогот нема ниту еден основ за утврдување на тешка дисциплинска повреда.

ДОКАЗ 7: *Хиперлинк од изјава за медиуми на Јавниот обвинител Коцевски:* https://www.youtube.com/watch?v=QXxzRB6SvDQ (7.03.2025) [минутажа од 1:36 до 2:00]

На 8 март 2025 (сабота), **претседателот на Владата, Христијан Мицкоски**, за медиумите изјави дека апсолутно не се сложува со ставот и мислењето на Јавниот обвинител Коцевски дадено по повод Предлогот за негово разрешување.

ДОКАЗ 8: *Хиперлинк од изјава на пријавениот Мицкоски* https://www.youtube.com/watch?v=bvpfgSDp83w (8.03.2025)

Во меѓувреме, координиран вонинституционален притисок за разрешување на јавниот обвинител Коцевски се вршеше и од страна на **владејачката пполитичка партија ВМРО-ДПМНЕ** преку медиумите.

На 16 февруари 2025 (недела), ВМРО-ДПМНЕ пуштија партиско *Соопштение* во кое тврдеа дека Коцевски е сијамски близнак на Рускоска и Кацарска; а на 17 февруари 2025 (понеделник) пуштија нова реакција на нивниот прес-центар во која тврдат дека судството составено од Трпков и Кацарска е рамно на неправда, а во истото соопштение напишаа дека: „Ова не проаѓа без нивниот сијамски близнак, ЈО во заминување Љупчо Коцевски“!

ДОКАЗ 9: *Хиперлинкови до конкретните соопштенија на ВМРО-ДПМНЕ:* https://a1on.mk/macedonia/ako-ruskoska-obvinitelstvoto-i-kacarska-i-trpkov-sudstvoto-bea-poim-za-politizrana-pravda-togash-kocevski-e-nivniot-siamski-bliznak-veli-vmro-dpmne/ (16.02.2025); +

https://vmro-dpmne.org.mk/%D1%81%D0%BE%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D1%81%D1%83%D0%B4%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%BE-%D0%BE%D0%B4-%D1%82%D1%80%D0%BF%D0%BA%D0%BE%D0%B2-%D0%B8-%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B0%D1%80%D1%81%D0%BA (17.02.2025)

2. Среде оваа институционална и вонинституционала „војна“ против Јавниот обвинител Коцевски, од страна на претседателот на Владата – Мицковски, власта и владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, на 16 март 2025, се случи досега невидената **трагедија во дискотеката „Пулс“ во Кочани** – во која загинаа 63 млади луѓе, а околу 200 се повредени! Најповикан орган да постапи од тој момент навака е Јавното обвинителство, чиј прв човек е јавниот обвинител Љупчо Коцевски.

За трагедијата во Кочани постојат основани сомненија за кривична одговорност на **актуелни функционери од владеачката ВМРО ДПМНЕ** и кои сега може да се најдат на удар токму на Јавното обвинителство. За да не дојде до ефективен кривичен прогон на функционери од партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ, претседателот на Владата, Христијан Мицковски, на ден 25 март 2025 (вторник) даде симптоматична изјава за медиумите дека „постапката за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија, Љупчо Коцевски, ќе запре“!? И постапката оттогаш навака навистина е de fecto стопирана!!!

Доказ 10: *Хиперлинк од изјава за медиумите на пријавениот, Мицкоски* (25.03.2025) https://www.youtube.com/watch?v=BdGL7o3vVEM

Индикативно е што наредниот ден по изјавата на пријавениот Мицкоски, на 26 март 2025 година (среда), **Советот на јавни обвинители**, кој требаше да го разгледа предлогот за разрешување на јавниот обвинител, Коцевски, магично снема кворум, а седницата беше одложена!?

Доказ 11: *Хиперлинк од вест од медиумот ТВ Телма* (26.03.2025): https://telma.com.mk/2025/03/26/sovetot-na-javni-obviniteli-bez-kvorum-odlozhena-sedniczata-za-predlogot-za-razreshuvane-na-koczevski/

Седницата за разгледување на *Предлогот за разрешување* на Коцевски беше одржана дури на 2 април 2025 (среда) и Советот на ЈО даде **негативно мислење за разрешувањето** на јавниот обвинител на РМ – Љупчо Коцевски.

Доказ 12: *Хиперлинк од медиумска вест на дневниот весник Нова Македонија* (2.04.2025): https://novamakedonija.com.mk/makedonija/sovetot-na-javni-obviniteli-donese-negativno-mislenje-po-predlogot-za-razreshuvanje-na-ljupcho-kocevski/

До ден денес во Собранието на Република Македонија сè уште официјално **не е поднесен Предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на РМ** – Љупчо Коцевски, од страна на Владата на РМ!!!

3. За возврат на оваа „услуга“, Јавното обвинителство на РМ под команда на сè уште актуелниот државен јавен обвинител Љупчо Коцевски, за кого постапката за разрешување е ефективно запрена, во ситуација кога во истрагата за трагедијата во Кочани се вклучени речиси сите бивши функционери од Министерството за економија и Државниот пазарен инспекторат, **во**

**истрагата намерно не ги вклучува актуелните носители на функции во Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат и одговорните лица од МВР** – со исклучок на сега веќе бившиот градоначалник на Кочани, Папазов!?

Изоставена од истрагата е и актуелната началничка на ОВР Кочани, Марија Цветковска Маневска, која е на функција повеќе од една година!

Изоставен од истрагата е и началникот на Одделот за криминалистички работи во Кочани, Томо Донев, кој е на функција повеќе од една година и кој е сликан во партиски штаб на ВМРО-ДПМНЕ ОК Кочани!?

Доказ 13: *Хиперлинк од вест од медиуми и фотографија*
*https://libertas.mk/foto-shto-bara-policiski-nachalnik-od-kochani-vo-shtab-na-vmro-dpmne/*

Согласно чл. 21, ст. 1, ал. 4 од *Законот за угостителска дејсност* (Сл. весник на РМ бр. 62/2004 и 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16, 31/20, 16/25), Министерството за внатрешни работи дава СОГЛАСНОСТ за објектот дека ги исполнува условите за заштита на јавниот ред и мир, дополнително и за безбедност во сообраќајот [паркинг простор и сл.]. Исто така постои **изрична законска надлежност за МВР** и дополнителни ингеренции за дискотеки и кабарињa – и тоа: (а) проверка на работно време; (б) проверка на гласност и бучава; (в) проверка на присуство на малолетници после полноќ; (г) проверка за точење алкохол и употреба на наркотични супстанци.

Изоставен од истрагата е и началникот на СВР Штип – Дејан Салтирски, кој му беше советник на министерот Панче Тошковски во т.н. техничка (пржинска) Влада, а со кои од претходно негуваат приватни бизнис интереси, затоа што тој ги терал вработените во МВР, со бланко потпишани полномошна, да го тужат Министерството за неисплатени додатоци на плата преку адвокатската канцеларија на сегашниот минитер Тошковски.

Оттука, гореспоменатите актуелни функционери и **одговорни лица кои се скоро една година на функција** се исто толку надлежни и примарно одговорни (објективно и субјактивно) за тековното правилно спроведување на законите од областа на безбедноста и регулативата поврзана со работњето на илегалниот усгостителски објект во кој се случи невидената трагедија во Кочани. Овие лица, конкретно одговорните лица од ОВР Кочани, СВР Штип и Битото за јавна безбедност (БЈБ), се активно одговорни затоа што не презеле навремени соодветни мерки и пропуштиле да ги истражат и санкционираат неправилностите поврзани со работењето на дискоеката „Пулс“ во Кочани. Но, баш против овие лица кои биле на функција кобната вечер не е поведена истрага!?

Во истрагата прерипани се и **одговорните лица кои требало да водат евиденција за давање одобренија за употреба на пиротехнички средства**. Од ОВР Кочани требало да реагираат доколку не постоело одобрение за употреба на пиротехнички средства, а од социјалните мрежи јавно е познато дека и на претходни настани во дискотеката „Пулс“ се користела сомнителна и нелегална пиротехника, па доколку не постоела дозвола издадена од ОВР Кочани, одговорните лица во ОВР Кочани биле должни да презема службени дејствија за

изрекување на мерки и глоби!

Таквите задолженија директно доаѓаат од *Законот за прекршоците против јавниот ред и мир* (Сл. весник на РМ бр. 66/2007 и 152/15, 171/22, 72/25) според кој МВР е должен да изрече глоби за неовластена употреба на пиротехнички средства и сличен експлозивен и лесно запалив материјал или, пак, доколку се преземени мерки за безбедност, и да ги одземе предмеите кои нелегално се користат согласно членовите 31, 32 и 37 од *ЗППЈРМ* и чл. 33 од *Законот за промет на експлозивни материи* (Сл. весник на СРМ бр. 30/1985 и 6/89, 53/91, 12/93, 31/93, 66/07, 86/08, 148/15, 294/21).

Од истрагата изоставена е и **главната инспекторка за економски криминал во ОВР Кочани – Кристина Јованова**, која и покрај фактот дека објектот само неколку месеци пред тоа бил казнет од страна на УЈП поради неиздавање фискални сметки, и покрај нерегуларностите во работењето и начинот на обезбедување на потребната документација, не презела мерки на истрага против овој објект.

Исто така од истрагата изоставен е и **сменоводителот на критичната ноќ, Драган Перушев**, кој и покрај јавно познатите ифнормации дека таа вечер во објектот се организира јавен настан – концерт, не презел мерки за контрола на објектот и обезбедување на јавниот ред и мир во истиот, поради што во диското се нашле и малолетници, а исклучително е одговорен за неодговорното постапување на дел од полициските службеници кои се нашле на местото на настанот и одбиле да преземат дејствија за укажување на неодложна помош и заштита на настраданите лица, иако тоа биле службени дејствија кои морале да ги преземат согласно чл 5, ст. 1, ал. 9, чл. 6, чл. 13 и чл 62, ст. 2 од *Законот за полиција* (Сл. весник на РМ бр. 114/2006 и 148/08, 6/09, 92/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 21/18, 64/18, 294/21), како и чл. 4 од *Законот за внатрешни работи* (Сл. весник на РМ бр. 42/2014 и 116/14, 33/15, 33/15, 96/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18, 135/18, 108/19, 275/19, 110/21).

Исто така, во ситуација кога во истрагата се бившата државна секретарка на Министерство за економија и поранешниот директор на Државниот пазарен инспекторат, изоставени од истрагата се **сегашниот државен секретар Адеми Јумни**, и **сегашниот директор на ДПИ – Влатко Стојкоски** (кадар на ДПМНЕ), кои се активно одговорни затоа што не презеле навремени соодветни мерки кои биле должни да ги преземат и пропуштиле да ги истражат и санкционираат неправилностите поврзани со работењето на кочанската дискотека на смртта „Пулс“.

## *III. Кривични дела против правосудството*

Со ваквото негово умислено, непрофесионално, неетичко и инкриминирано комисивно противправно дејствие (лат. *acta humana ilicita*), во целост се исполнети условите за кривичен прогон по службена должност за сторено тешко кривично дело ***Попречување на правдата***, како јавен деликт (*delicta publica*) насочен против правосудниот систем, а казниво **по чл. 368-а , ст. 5**

од консолидираниот, т.е. Пречистениот текст на *Кривичниот законик на РМ* (Сл. весник на РМ бр. 37/1996 и 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17, 248/18, 36/23, 188/23) – сместено во Глава XXXI од Посебниот дел на КЗ, кој го инкриминира т.н. Правосуден криминалитет [*Кривични дела против правосудството*], кадешто како непосреден објект на овие дела е правосудниот систем, а она што истовремено се загрозува со овие дела, се човековите слободи и права и пошироките интереси на функционирање на правниот поредок:

*ПОПРЕЧУВАЊЕ НА ПРАВДАТА*

***Член 368-а***

*Тој што со сила, сериозна закана или со ветување, нудење или давање некаква корист ќе влијае врз судија, јавен обвинител или друго службено лице или адвокат да презема или да не презема со закон предвидени дејствија во постапка пред суд или друг орган надлежен за водење постапка уредена со закон спротивно на неговата службена или адвокатска должност и овластувања, или ќе го спречува во вршењето такви дејствија – ќе се казни со затвор од една до десет години.*

## *IV. ЗАКОНСКО БИТИЕ НА ДЕЛОТО*

**а) О б ј е к т и в н о   б и т и е:** според законскиот опис, делото го врши тој што со комисивно деликтно дејствие на сторување опфатено со употреба на сила, сериозна закана или со **ветување, нудење или давање некаква корист** ќе влијае врз судија, јавен обвинител или друго службено лице или адвокат да презема или да не презема со закон предвидени дејствија во постапка пред суд или друг орган надлежен за водење постапка уредена со закон, спротивно на неговата службена должност и овластувања, или ќе го спречува во вршењето такви дејствија!

**б) С у б ј е к т и в н о   б и т и е:** за одговорност за делото се бара тоа да е сторено со **умисла** (*dolus*), в. в. чл. 13 од КЗ, „кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување“. Умислата во конкретниот случај се состои во тоа што пријавениот бил свесен дека со своето ветување, нудење и давање некаква корист, во форма на прекинувањето на постапката за разрешување на државниот јавен обвинител, врши влијание врз државниот Јавен обвинител и со тоа ги повредува законските правила и свесно го сторил тоа.

* * *

Предвид погореизнесеното, а поради постоење поголем степен на извесно и основано сомневање дека пријавениот свесно, злонамерно и умислено сторил ноторно **кривично дело кое се гони ex officio**, до Вас – како орган надлежен за гонење на кривични дела по службена должност – ја доставуваме оваа издржана *Кривична пријава*, поткрепена со низа правнорелевантни докази, со полна верба дека ќе постапите по истата bona fide и, согласно Вашите должности и надлежности во предистражна и истражна постапка, предвидени со *Законот*

*за кривичната постапка* (2010), истата понатаму судски ќе ја процесуирате, а нас – како пратеници-подносители – повратно писмено ќе нè известите.

Сметаме дека во целост се исполнети сите таксативно наведени законски услови за кривичен прогон за конкретното сериозно кривично дело – по принципот *numerus clasusus* – па за таа цел, во прилог Ви доставуваме и **Листа со предлог-докази**, нумерирани според редните броеви дадени погоре во текстот, од кои јасно се утврдува дека пријавениот е in flagrante сторител на посоченото кривично дело од КЗ.

*

НАПОМЕНА: Заради целосно расветлување на овој кривично-правен настан, предлагаме, бараме и инсистираме да се изврши **распит на пријавениот**, а ја задржуваме можноста да ја прошириме кривичната пријава и против други, актуелни, службени лица.

**Прилози:** *Листа на материјални / писмени докази*
(онака како што се нумерирани во текстот)

***Пријавувачи:***

**С к о п ј е**
21.V.2025

**проф. д-р ДимитарАпасиев** – пратеник од Левица

________________________

**Борислав Крмов** – пратеник од Левица

________________________

**м-р Реџеп Исмаил** – пратеник од Левица

________________________

**Јована Мојсоска** – пратеник од Левица

________________________

**Амар Мециновиќ** – пратеник од Левица

________________________

**м-р Сашко Јанчев** – пратеник од Левица

________________________